Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-126/6
22.04.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-126/1 од 22.1.2025 година, поднесена од од Скопје, во име на нејзиниот малолетен син преку полномошник адвокатка од Скопје, против ООУ „Ѓорѓија Пулевски"-Скопје, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на образование сторена од страна на ООУ „Ѓорѓија Пулевски"-Скопје кон ученикот

## Образложение

На 22.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на од Скопје, во име на нејзиниот малолетен син , преку полномошник адвокатка од Скопје, против ООУ „Ѓорѓија Пулевски"-Скопје, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на образованието.

Согласно наводите од претставката, е ученик во одделение во ООУ „Ѓорѓија Пулевски"-Скопје. Тој има специфични тешкотии во учењето, но досега немал некои поголеми проблеми и солидно напредува во училиште.
На 10.12.2024 година во паралелката бил префрлен ученикот од одделение и оттогаш, мајката нагласува дека постојано е под психичко, вербално и физичко насилство од новопрефрлениот ученик.

Насилството се врши на начин што секојдневно бил подложен на навредливи зборови („глупав", „ретардиран"), закачања, буткања (најчесто во соблекувалната по физичко воспитување), ставање сопки и шутирање на ранецот, префрлање и провокации.

Во претставката се наведува дека во периодот од доаѓање на префрлениот ученик во паралелката, постојано е под стрес, страв и притисок и тоа било констатирано и увидено од специјалниот едукатор кој работи со него и од психологот, кој поради високите нивоа на предизвикан стрес и анксиозност во училиштето, препорачал спроведување на уште една сесија на Неурофидбек.

Родителите го имаат пријавено врсничкото насилство и кај директорот на училиштето уште во декември 2024 година, со барање да се обезбеди безбедна средина за . во целост почитувајќи го неговото право на образование и воспитание, промоција на добросостојба на ученикот, заштита од насилство, злоупотреба, запуштање и спречување на дискриминација.

Се наведува и дека од страна на училиштето не се преземаат никакви мерки за надминување на проблемот. Единствена реакција бил состанокот на ден 30.12.2024 година на кој родителите телефонски биле повикани од страна на класната раководителка на и на кој наместо да се разговара за причините и насилството, разговорот бил започнат со

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

реакцијата на , , без да се утврди што е проблемот и да се земе предвид што довело до таква реакција.

Мајката тврди дека училиштето нема намера да постапи по пријавите, ниту да ја испита состојбата, ниту да работи со учениците, а како показател за тоа го потенцира одговорот кој директорот го испратил до нив како родители на во кој без да го испита случајот во целост ги негира наводите во претставката и наместо да се фокусира на насилството, објаснува за добрата соработка досега и поддршката која училиштето му ја давало на досега во насока на подобро совладување на материјалот. За истото потенцира дека тоа е всушност нивна обврска, а не услуга која им ја прават на родителите.

Понатаму во претставката се наведува дека наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето се должни да го препознаат насилството, во секојдневното работење да внимаваат дали во училиштето се случува насилство, дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно.

Потенцира дека доколку забележат насилство, наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето се должни да го применат Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (Службен весник на РСМ бр. 161/19). Согласно табелите за категоризација на насилство во Упатството, сметаат дека се работи за физичко и емоционално/психичко насилство од прв и втор степен. Исто така се повикуваат и на Законот за основното образование, кој предвидува дека „Вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство".

Истакнато е дека во согласност со член 66 од Законот за основното образование, директорот е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик, до надлежните институции утврдени со закон. Доколку директорот на основното училиште имал сознание дека може да се случи напад над ученик во основното училиште и за истото не презел мерки или не го пријавил насилството, злоупотребата или занемарувањето сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител, односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во основното училиште, до надлежните институции согласно закон, за истиот се поведува постапка за разрешување од должноста директор на основното училиште.

Дополнително на ова, се истакнуваат наводи дека преку секојдневното трпење на провокации, насилство и занемарување од страна на ученикот кон сериозно е нарушен когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, развивањето самодоверба и свесноста за својата индивидуалност. Континуираното навредување, понижување, омаловажување, исмевање и повредување на чувствата на ' резултирало и со продолжена виктимизација.

И покрај пријавите за врсничко насилство, на родителската средба на 21.1.2025 година, од страна на класната раководителка било соопштено дека на му е изречена усна опомена, што според мајката укажува дека училиштето директно создава атмосфера во која виктимизиран ученик се обвинува за насилство.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

1. Полномошно дадено на адвокатка од 15.1.2025 година;
2. Извештаи од за изведени советувања на ден 23.12.2024, 29.12.2024 и 9.1.2025 година;
3. Известување од до директорот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски";
4. Известувања од до директорот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски" од 29.12.2024 и 30.12.2024 година;

5. Електронска пошта од до директорот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски" од 19.1.2025 година;
6. Одговор на известување бр. 09-48/1 од 20.1.2025 година од ООУ „Ѓорѓија Пулевски" до .

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.1.2025 година испрати Известување бр. 08-126/2 за произнесување по наводите од претставката до ООУ „Ѓорѓија Пулевски".

На ден 27.1.2025 година на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Дополнување на претставката од страна на адвокатка заведено под бр. 08-126/3.

Во дополнувањето најпрво се наведува дека врсничкото насилство е пријавено и до Државниот просветен инспекторат и Народниот правобранител.
Адвокатката истакнува дека од страна на училиштето не биле преземани никакви мерки за надминување на проблемот, поради што наместо да се надмине состојбата, истата се влошила.

Имено, на ден 22.1.2025 година, во моментот кога завршил часот по математика, од страна на му била удрена шлаканица на , по што на малиот одмор по тој час во ходникот настанал физички конфликт помеѓу двете деца.
И после овој немил настан, од страна на училиштето не биле преземени никакви мерки и не се работело ниту со децата, ниту биле повикани родителите на состанок. Мајката на самоиницијативно на ден 23.1.2025 година го посетила училиштето, но не остварила средба со директорот, со оглед на тоа дека тој не бил во училиштето во тој период.

На ден 7.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор бр. 08-126/4 од страна на ООУ „Ѓорѓија Пулевски" како произнесување по наводите од претставката.

Од училиштето наведуваат хронолошки опис на настаните, започнувајќи со Наставнички совет одржан на 14.11.2024 година, на кој била донесена одлука, по претходна препорака од Државен просветен инспекторат, за преместување на ученикот од (ученик со кохлеарен апарат и жртва на насилство според Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување) во паралелката која што е постимулативна средина за ученикот.

На ден 6.12.2024 година било поднесено барање за вонредна родителска средба од страна на родителот на ученикот поради преместување на ученикот , но истата не била реализирана бидејќи во таа паралелка и претходно биле преместувани и други ученици, но за нив не била побарана вонредна родителска средба.

На ден 10.12.2024 година бил преместен ученикот во паралелката . Во периодот од 10.12 до 29.12.2024 година од родителите на не била доставена никаква пријава до училиштето за наводите кои се предмет на оваа претставка. Исто така, од предметните наставници не била доставена пријава до стручната служба за било каква форма на врсничко насилство помеѓу и .
Само во еден наврат биле известени од класната раководителка за ситуација која се има случено помеѓу овие два ученика во фискултурната сала и веднаш било разрешено недоразбирањето помеѓу учениците. Наведуваат дека сето ова се одвивало во согласност со

Протоколот за комуникација во училиштето, кој има јасно наведена постапка на разрешување на конфликтни ситуации.

На ден 26.12.2024 година во училиштето се случил физички контакт помеѓу ученикот и , при кој бил скршен телефонот на ученикот и тој бил гризнат за горниот дел на шаката (што имало за последица хематом на раката). Како што наведуваат од училиштето, поради добрата соработка на родителите на со класната раководителка и родителите од паралелката, а воедно и за добробит на учениците и целата паралелка, родителите се изјасниле дека нема да преземаат следни чекори за последиците од тој настан. Исто така за случајот била известена и мајката на , која изјавила дека реакцијата на е од прелевање на чашата.

Истиот ден, на новогодишната забава во попладневните часови во училиштето дошол братот на и му се обратил на , во училишниот хол (иако како што напоменуваат од училиштето, влезот во училиштето за надворешни лица без претходна најава е строго забранет), велејќи му да не го задева брат му. , случката веднаш ја пријавил кај класната раководителка.

На ден 27.12.2024 година, по завршување на часовите, надвор од училишниот двор, се случил повторен контакт помеѓу - братот на и мајката на , Од училиштето наведуваат дека оваа ситуација не е во нивна ингеренција бидејќи е надвор од училишниот двор. Мајката на , по случката надвор од училиштето, пријавила кај класната раководителка дека не се чувствува безбедно во училиште поради заканите кои ги добил од братот на

За настаните што се случиле на 26 и 27.12.2024 година, по барање на директорот и стручната служба, биле повикани на разговор родителите на и . Целта на состанокот била произнесување на сите инволвирани страни и изнаогање на заедничко решение за добробит на сите ученици. Состанокот бил закажан по телефонски пат од страна на одделенски раководител за ден 30.12.2024 година.

Непосредно по закажаниот состанок во училиштето, на ден 29.12.2024 година (недела) по електронски пат пристигнало известување од страна на родителот на во кое било наведено дека ученикот во изминатиот период од почетокот на префрлувањето на бил изложен на психичко, вербално и физичко насилство од негова страна. Од училиштето велат дека до тогаш немале добиено пријава за било каква форма на вербално, физичко и психичко насилство врз од страна на .

На 30.12.2024 година, на состанокот кој го иницирал директорот, биле присутни директорот, стручната служба, класната раководителка, (таткото на ) и (мајката на ). Родителите на поради неодложни работни ангажмани не биле во можност да присуствуваат на состанокот. Класната раководителка на паралелката започнала по хронолошки ред да ги реферира случувањата, но родителот на , ја прекинал и посочил дека за случувањата со е одговорно училиштето, по што си заминал и покрај обидите од страна на директорот да остане и да се изнајде решение на проблемот. Исто така, одделенската раководителка немала можност да го извести родителот дека ќе изрече педагошка мерка за однесувањето на во согласност со Правилникот за награди, пофалби и педагошки мерки.

На одделенскиот совет одржан на 13.1.2025 година, класната раководителка на го известила советот дека согласно Правилникот за награди, пофалби и педагошки мерки, на учениците , и ќе им биде изречена педагошка мерка-усна опомена од класен раководител за несоодветно однесување на учениците во училиште.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На ден 21.1.2025 година била одржана родителска средба, на која биле присутни родителите на и и им биле соопштени педагошките мерки за кои од страна на родителите немало никаква реакција.

Со отпочнување на второто полугодие на 20.1.2025 година, следни чекори кои биле преземени од училиштето, согласно добиеното известување од родителката биле следните:

- Формирање на тим за поддршка. Тимот за поддршка на ученикот не бил започнат со работа поради доставување на Жалба/Приговор на усна опомена изречена на ученикот до Училишниот одбор на училиштето на ден 24.1.2025 година. Од училиштето наведуваат дека ќе преземат следни чекори согласно одлуката на Училишниот одбор.
- Била остварена средба со родителката за прецизирање на следните чекори.
- Формираниот тим за поддршка за ученикот изготвил акциски план и се работи согласно истиот во договор со родителката .
- Формиран тим за поддршка за ученикот и изготвен акциски план.
- Задолжение од директорот на предметните наставници за поголема контрола во училниците и ходниците за време на малите и големиот одмор.
- Состанок со предметните наставници од за лично произнесување согласно претставката од родителката во однос на однесувањето на ученикот
- Во изминатиот период, од почетокот на второто полугодие, класната раководителка и стручните соработници секојдневно вршеле разговори со сите ученици од паралелката за градење на позитивна атмосфера помеѓу учениците и поттикнување на навремено пријавување на конфликтна ситуација.

Последно, од училиштето наведуваат дека вршат превенција преку реализација на работилници за препознавање и пријавување на врсничко насилство (во секоја паралелка од шесто одделение во првото полугодие) и не дозволуваат никаква форма на насилство и постојано соодветно реагираат доколку биде пријавено насилство.

На ден 19.2.2025 година во 10 часот во просториите на Комисијата, беше одржан состанок помеѓу подносителката на претставката- и членот на Комисијата-

На одржаниот состанок беше разговарано за следното:

Подносителката започна со објаснување дека дискриминацијата кон нејзиниот син ја гледа во однос на неговите специфични едукативни потреби и тешкотии во учењето, кои не биле земени предвид од страна на училиштето при постапувањето, односно не постапувањето при постоење на врсничко насилство кон нејзиниот син. Таа истакна дека тој нема утврдена дијагноза, но посетувал специјален едукатор, логопед, психолог и третмани на неурофидбек.

Подносителката продолжи со објаснување дека на ден 20.12.2024 специјалниот едукатор им соопштил на родителите дека нешто се случувало со детето бидејќи не сакало да оди на училиште, нешто што никогаш порано не се случило. Мајката се обидела да зборува со детето, но тоа одбивало да зборува со нејзе и од таа причина го однела на посета кај психолог, кој и претходно го посетувал и кој ги спроведува третманите на неурофидбек. На првиот состанок со психологот, тој им соопштил дека детето било најверојатно жртва на врсничко насилстви и дека било вознемирувано од страна на одредени деца во училиштето со зборови „копиле, глуп, мутав, ретардиран". Таа тврди дека бил свесен дека е различен од другите деца.

Во однос на побараната родителска средба на почеток на декември 2024 година, подносителката објасни дека е претставник на родителите на децата од класот, и како таква, по барање од страна на другите родителите, доставила електронска порака до директорот со барање за одржување на вонредна родителска средба по повод преместувањето на ученикот во нивното одделение, за што впрочем во самиот маил ги внела и останатите родители кои ја побарале средбата. Како поткрепа на истото, подносителката електронски ги препрати до Комисијата маилот доставен до директорот и одговорот од негова страна, кои се составен дел од овој записник. Таа потенцира дека барањето за вонредна родителска средба не го испратила лично од сопствена волја. Во одговорот на барањето директорот известил дека нема потреба од одржување родителска средба во класот бидејќи во тој клас дотогаш немало проблеми.

Од моментот на преместување на ученикот во класот, подносителката напоменува дека го сменил однесувањето и не сакал да оди на училиште. За за случките во училиштето му кажал на брат му дека новиот ученик го задевал. Во една таква случка, кога бил задеван, се изнервирал и му го скршил телефонот на соученикот . Мајката наведува дека тоа е реакција на постојаниот стрес на кој бил изложен нејзиниот син во последно време, односно откако е префрлен ученикот во класот. Истакна дека во минатото знаел да се справува со проблемите кои од време на време знаеле да се појават во училиштето, но сега како жртва на врсничко насилство е под постојан стрес и не успева да се справи со проблемот.
Повторно потенцира дека дискриминацијата ја гледа во немањето предвид на посебните образовни потреби на детето, непостапувањето кон како дете со атипичен развој (кое не може да се изрази за случувањата како другите соученици) и тоа што не го земале предвид психичкото малтретирање врз детето.

Известува дека од страна на училиштето бил свикан состанок на 30.12.2024 година бидејќи имало пријава за врсничко насилство. Состанокот започнал со информирање за кршењето на телефонот и однесувањето на (братот на ), а воопшто не било разговарано за тоа што се случувало во класот. Во однос на пријавата за случката дека се закaнувал на , таа објаснува дека тоа не е точно, туку дека само им кажал да не се закачаат повеќе. Исто така вели дека не е точно тврдењето дека дошол неовластено на училишната забава на ден 26.1.2025 година во училиштетото, бидејќи само го донел брат му и си заминал, но не присуствувал, а дополнително и забавата била во попладневните часови во холот на училиштето и од отворен тип.

Подносителката истакнува дека пред да поднесе пријава, три пати барала да се осигура од психологот за што точно се случувало со детето. Објаснува дека детето нема способност да се изрази на кој начин е малтретирано и дека таа за тоа дознавала од други мајки или соученички на . Известува за изречена усна опомена на , на одржана родителска средба на ден 21.1.2025 година и смета дека со ова се прави неправда бидејќи на ученик кој пријавува насилство, му даваат усна опомена.

Понатаму, таа тврди дека училиштетото не постапувало по пријавите и токму таму смета дека е направена најголемата продолжена дискриминација, особено што училиштето е свесно за фактот дека , има специфични тешкотии во учењето и проблем со говорот, бидејќи на две поднесени писмени пријави до директорот и училиштето не се преземени никакви мерки за заштита кон дете кое е жртва на врсничко насилство. Напротив, вели дека училиштето со не преземање мерки на заштита на ученик кој пријавил врсничко насилство директно создава атмосфера во која виктимизиран ученик се обвинува за насилство и му се

изрекува усна опомена, без да се разгледаат и да се земат предвид околностите кои довеле до таквата негова реакција.

Мајката истакнува дека иако согласно Законот за основното образование, при изрекување на усна опомена директорот на училиштето е должен да формира Тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот, сепак тимот за поддршка бил формиран на инсистирање на мајката и по поднесената жалба до Училишниот одбор. Тој бил формиран за педагошката мерка, односно усната опомена на . Училиштето утврдило само кршење на телефонот, без притоа да бидат земени предвид сите околности, односно зошто детето изреагирало на таков начин.
Подносителката известува дека повеќе не сакал да прифаќа помош од наставниците.

Таа е запознаена дека претставници од Народниот правобранител пратиле допис до училиштето, но нема информација дали претставници од Државен просветен инспекторат биле во училиштето.

Информира дека повторно поднела пријава на 22.1.2025 година бидејќи му удрил шамар на нејзиниот син. На 23.1.2025 година, таа повторно била во училиштето, каде ја прашала наставничката дали видела дека детето било удрено. Околу тој настан, појаснува дека му извикал нешто на нејзиниот син, поради што тој станал од столчето и му ја смачкал кулата на , по што му удрил шлаканица.

На 30.1.2025 година, на состанок со директорот на училиштето, тој изјавил дека детето мора да се навикнува и да се подготвува за предизвици во животот кога ќе биде закачан, а не да плаче цело време.

Мајката потенцира дека стручната служба, односно психологот и специјалниот едукатор, имале одличен однос со и во изминатите години му пружале подршка во процесот на образование. Од друга страна, директорот ѝ кажал на мајката дека за нарушената психолошка состојба на уважувал само извештај од вештак. На ова мајката поставува прашање како може да не важи извештај од лиценциран психолог.

Информира дека се договорила со стучната служба двапати неделно да работат со и истакнува дека тој никогаш вербално не се конфронтирал поради тоа што не можел да се изразува.

Наведува дека и порано имало предизвици со детето, но не како оваа училишна година и на овој начин. Детето отсекогаш било прифатено од сите наставници и деца, а наставничката сега за првпат му дала прилагодено ливче по математика.

Во врска со наводното гризење на соученици, подносителката вели дека не била запознаена со тој настан оваа училишна година. Во прво одделение детето имало случаи кога гризнувало други деца, но оттогаш немало гризнато дете.

Подносителката на крајот на разговорот додаде дека училиштето знаело дека детето е со атипичен развој и специфични тешкотии во учењето, но и покрај тоа, не постапиле по пријавите за насилство, каде всушност ја посочува директната дискриминација, односно различното постапување кон .

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, севкупно приложените докази и дадените изјави на подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Индиректната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни".*

Во оваа насока и **Концепцијата за инклузивно образование,** како едни од водечките принципи ги вбројува и:

- Правичност, или гаранција дека сите деца и ученици имаат пристап до неопходната поддршка, за да го остварат својот потенцијал за учење и развој.
- Инклузија, или право на сите деца и ученици на пристап и учество, ефективно и целосно во заеднички воспитно - образовен контекст.
- Организирање на воспитно-образовниот процес по мерка на ученикот, при што за видот на поддршка се одлучува поединечно за секој ученик согласно неговиот потенцијал, потреби и интереси.

Горенаведените принципи може да се исполнат преку развој и имплементација на сеопфатниот училишен пристап, што значи градење на капацитети во самото училиште за развој на инклузивна клима и обезбедување систематска поддршка на севкупниот воспитно-образовен кадар. Целта е да се постигне почитување на различностите, промовирање еднаквост, правичност, недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

Исто така, Ниво I од Концепцијата предвидува општа поддршка на ученикот, која се обезбедува на ниво на училиште при што покрај наставникот се вклучуваат и стручните соработници кои водат евиденција за напредокот на ученикот. Учењето треба да се насочи кон индивидуализација и диференцијација на наставниот процес со примена на соодветни наставни методи и средства. Индивидуалната поддршка треба да биде насочена кон стекнување на вештини со кои ќе се намали почетната нееднаквост и ќе се овозможат услови за поттикнување и развивање на потенцијалите со кои располагаат овие ученици.

Стручните соработници се клучни, на начин што можат да му помогнат на ученикот во развивање на позитивна слика за себе и јакнење на самодовербата, развивање на говор и комуникациски вештини, создавање и развивање на навики за грижа за себе и за сопствената безбедност, поттикнување и развивање на соработката со другите и нивно почитување, организација на учењето и начините на учење.
Во овој контекст, а согласно дадените изјави на мајката , Комисијата препознава дека стручната служба на училиштето, односно психологот и специјалниот едукатор, развиле одличен однос со и во изминатите години му пружале поддршка во процесот на образование.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTIES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Меѓутоа, во конкретниот случај, училиштето знаело или морало да знае дека ученик со атипичен развој е жртва на насилство и соодветно на тоа да реагира. Првенствено тоа бил ученикот (дете со кохлеарен апарат), кој во неговото претходно одделение- бил жртва на врсничко насилство, а потоа, по неговото преместување во одделението , жртва на насилство станал (ученик со специфични потешкотии во учењето). Во однос на наводите на училиштето дека во периодот од преместување на ученикот во новото одделение до 29.12.2024 година не била доставена никаква пријава за наводите кои се предмет на оваа претставка, Комисијата укажува дека дури и да немало формална пријава, училиштето е должно да го препознава насилството меѓу соучениците и проактивно да делува, од каде тврдењето дека 'училиштето морало да знае' се однесува на позитивната обврска на училиштето да ги следи состојбите, да препознава врсничко насилство засновано на лични карактеристики и да постапува со должно внимание.

Уште при самото преместување на ученикот во новото одделение, училиштето требало да обезбеди услови, да помага во прилагодувањето на ученикот во новата средина и со новите соученици, да преземе мерки за сензибилизација на средината, професорите, соучениците и секако родителите за соодветно прифаќање и обезбедување на поддршка. Токму затоа во Концепцијата за инклузивно образование се вели дека инклузијата подразбира и промена во умствениот склоп (начинот на размислување) кај мнозинството во заедницата, вклучително и кај вработените во институциите кои треба да ја имплементираат, односно градење на ставови и верувања дека способностите не се дадени еднаш засекогаш и тие можат да се развиваат преку труд и работа на себе. Во таа смисла, наставниците и стручната служба се клучни за обезбедување квалитетно воспитание и образование бидејќи тие можат директно да влијаат врз пристапот, учеството и успехот на сите деца, а особено на децата со посебни образовни потреби на кои им треба дополнителен поттик и поддршка.

Од доставените документи, видливо е дека училиштето презема дејствија во периодот *по* приемот на претставката од страна на Комисијата. Претходно, училиштето не постапува соодветно по пријавите, особено што училиштето било свесно за фактот дека има специфични проблеми во учењето и проблем со говорот и дека по две поднесени пријави до директорот на училиштето и училиштето не се преземени никакви мерки за заштита на ученик кој пријавил врсничко насилство.
По пријавата за булинг содржана во претставката до Комисијата, училиштето презема одредени мерки, но истите не се соодветни, односно не ги заштитуваат жртвите од насилство. Имено, училиштето ги спроведува следните активности: формирање на тимови за поддршка, средба со мајката задолжение од директорот на предметните наставници за поголема контрола во училниците и ходниците за време на малите одмори и големиот одмор и разговори на класната раководителка и стручните соработници со учениците од паралелката во насока на градење на позитивна атмосфера помеѓу учениците и поттикнување на навремено пријавување на конфликтна ситуација.
По поднесените пријави училиштето формира тим за поддршка за ученикот , и изготвен е акциски план и се работи согласно истиот во договор со мајката . Исто така, се формира тим за поддршка за ученикот изготвен е акциски план, а класниот раководител и стручните соработници секојдневно обавуваат разговори со сите ученици од паралелката за градење на позитивна атмосфера помеѓу учениците и поттикнување за навремено пријавување на конфликтна ситуација.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## ПРЕПОРАКА

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ - Скопје во иднина при вакви или слични ситуации да постапува согласно Законот за основното образование и согласно Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (Сл. Весник на РСМ бр.161/19);
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** вработените во основното училиште и директорот да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство;
3. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** воспитно-образованиот кадар да ги зајакне своите капацитети за постапување со деца со попреченост со фокус на превенцијата и заштитата од сите видови насилство, преку обука и доедукација.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- ООУ „Ѓорѓија Пулевски“-Скопје, бул. Јане Сандански бр. 27А, 1000 Скопје
- Адвокатка , ул. бр. , 1000 Скопје